РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

Бр.03-26

Скопје 24.07.2020г.


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје


Предмет: Одговор на претставка

Почитувана

По Вашата претставка (наш арх.бр. 03-26 од 16.07.2020 година) Агенцијата спроведе вонреден надзор за категоризацијата и периодот на емитување на играниот филм „Три дена во септември“, на 15 јули 2020 година, на програмскиот сервис на ТРД ТВ МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.

Се покажа дека наводите од Вашата претставка – дека филмот е несоодветно категоризиран како програма од втора категорија (8+) и дека е емитуван во несоодветен програмски период - се основани, така што во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), до Советот на Агенцијата ќе биде доставен предлог за покренување прекршочна постапка, со оглед на тоа дека радиодифузерот во тековнава година со иста постапка и тоа за истиот игран филм ги прекрши членот 50 од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Извештајот од надзорот е објавен на веб сајтот на Агенцијата.

Ви благодариме за соработката,

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ